ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Скопје, декември 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: / E pranuar: | 17. 12. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia. Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 7169/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Бојан Стојаноски

Љупчо Пренџов

Тони Јаревски

Бране Петрушевски

Драгана Бојковска

Дафина Стојаноска

Игор Здравковски

Лидија Петкоска

Мартин Стојановски

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во текот на септември 2023 година Собранието на Република Северна Македонија донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.188/23, со кој, меѓу другото, се направи ревидирање на македонската казнена политика во пропишувањето на кривични дела и казни во Кривичниот законик за одредени кривични дела, што беше оценето како негативно и предизвика застарување на голем број предмети од областа на корупцијата и други негативни последици. Имено, со наведениот закон во неколку инкриминации против службената должност беа изменети законските битија на кривичните дела, и тоа, како во поглед на дејствијата на извршување, така во однос и на условот на инкриминација и пропишаните казни. Конкретно, законодавецот преку законски измени интервенираше во кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ член 353, на начин што беше избришано едно од трите дејствија на извршување на ова кривично дело, а тоа е сторување на кривичното дело со искористување на службената положба или овластување од страна на сторителот. Со оваа интервенција во наведеното кривично дело моментално постојат само двете дејствија на извршување: ...„ќе преземе службено дејствие со кое ќе ги пречекори границите на своите службени овластувања или нема да ја извршува својата службена должност“. Дополнително, додаден е елементот „намера“ за прибавување корист или нанесување штета. Потоа, истото кривично дело беше дополнето со нов став (2) кој гласи: „Ако искористувањето на службената положба или овластување, пречекорувањето на границите на службеното овластување, има влијание на незаконско зголемување на имотот на службено лице како резултат на сторување на делото од ставот (1) на овој член, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.“ Во ставот (3) кој се однесува на квалификуваниот облик на ова дело со поголема имотна корист или поголема имотна штета беше направена измена во казнената политика, односно предвидената казна од затвор од шест месеци до пет години беше намалена на затвор од една до четири години. Во ставот (4) кој, исто така, претставува квалификуван облик со значителна имотна корист или значителна имотна штета, беше намалена пропишаната казна затвор од најмалку три години на затвор од една до пет години. Исклучително важно е и дека посебниот облик на ова дело кој се однесуваше на јавните набавки т.е. ставот (5) беше избришан, а гласеше „Ако делото од ставовите (1) и (4) е сторено при вршење јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, од јавните фондови или од други средства на државата, сторителот ќе се казни со затвор најмалку пет години“.

Понатаму, наведените законски измени имаа реперкусии и во кривичното дело „Несовесно работење во службата“ член 353-в, односно во ставот 1 условот на инкриминацијата од законското битие како елемент на користољубие беше избришан („и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или“), со што во постојното дело како последица на делото е само на друг да му се нанесе штета.

Намалувањето на пропишаните казни ја опфати и Главата триесет и трета „Кривични дела против јавниот ред“ во кривичното дело „Злосторничко здружување“ од член 394. Ублажувањето на казнената политика кај ова кривично дело беше сторено во ставот (1), каде пропишаната казна затвор до десет години беа намалени на до три години, а во ставот (2) од шест месеци до пет години беа намалени до две години.

Од оценката и анализата на постојната состојба, евидентни се последиците кои настанаа со донесените измени, и тоа првенствено неоправданото и нецелисходно ублажување на казнената политика во дел од инкриминациите како и бришење на одредбите од член 353 каде се уредени

кривичните дела со злоупотреба на службена положба и овластување против јавните набавки. Со тоа, во поглед на овие кривични дела казнената политика го изгуби својот есенцијален превентивен и репресивен карактер. Сепак, најсериозните импликации во делот на репресијата, измените ги предизвикаа во конкретните судски предмети, вклучително и предмети од областа на организираниот криминал и корупција во постапките против јавни набавки, каде настапи застареност на кривичното гонење.

Од анализата не треба да бидат изземени и последиците кои овие измени на Кривичниот законик ги направија во поглед на надлежностите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Имено, согласно Законот за јавното обвинителство (Сл. весник на РСМ бр.42/20), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, меѓу другото, е надлежно да постапува во прв степен за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, како и за „Злоупотреба на службената положба и овластување" од членот 353 став (5). Согласно наведеното, а споредено со донесените измени на Кривичниот законик, овие надлежности кои подразбираат борба против високо профилирана корупција на ОЈОГОКК се, на одреден начин укинати.

Во оваа насока, со негативни констатации е Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година на Европската Комисија, каде спорните измени и дополнувања на Кривичниот законик се експлицитно и јасно наведени во делот „Борба против корупција" со следниве констатации: „Измените на Кривичниот законик од септември 2023 година предизвикуваат сериозна загриженост поради нивното влијание врз случаите на поранешното СЈО, бидејќи голем дел од предметите се однесуваа на делата чии одредби беа изменети. Намалените рокови на застареност влијаат, прекинуваат или дури доведуваат до запирање на голем број случаи. Откако измените стапија на сила на средината на септември, дел од случаите на поранешното СЈО беа запрени или беа одложени рочиштата бидејќи обвиненијата повеќе не беа важечки или настапи застареност". Понатаму, тие се споменуваат и во делот „Правна рамка" од Извештајот, и тоа: „... Други измени, во однос на конкретни кривични дела поврзани со корупција, се загрижувачки бидејќи ги намалуваат максималните законски казни, имаат последици врз застареноста и отстрануваат одредена категорија дела, особено злоупотребата на службената положба во јавните набавки. Дополнително, измените предизвикуваат сериозна загриженост бидејќи тие исто така влијаат врз применливите кривични постапки, ограничувајќи го опсегот на истрагите и на тој начин, попречувајќи ја способноста на органите ефективно да ги гонат случаите на корупција на високо ниво".

Ваквата негативна ситуација во македонскиот правосуден систем силно ја наметна потребата за итни, приоритетни и реформски измени и дополнувања на Кривичниот законик. Поаѓајќи од оваа идеја, го предлагаме овој Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, како законско решение со кое би се анулирала настанатата состојба и државата повторно би се вратила на патот на европските политики во сферата на борбата против организираниот криминал и корупцијата.

Истовремено потенцираме дека при подготовката на овој Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик е користена компаративна анализа подготвена во Собранието на Република Северна Македонија.

Првенствено, тенденцијата на предложените законски измени и дополнувања е унапредување на одредбите за законските битија и заострување на казнената политика преку зголемување на постојните пропишани казни за кривичните дела „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353, „Злосторничко здружување" од член 394. На овој начин, би се отстраниле лоцираните слабости во постојните одредби на овие кривични дела, особено во заострувањето на казнената политика во насока на повторно остварување на нејзината превентивна и репресивна функција. Воедно, со овој пристап ќе се постапи согласно забелешките во Извештајот на Европската

Комисија за 2023 година и повторно ќе се воспостави реална и добра правна рамка за зајакнување на борбата против високата корупција.

Поаѓајќи од злоупотребите на приватноста и утврдените правни празнини во постојните одредби на Кривичниот законик при нивното спроведување во практиката, недвосмислено се наметна потребата за воведување на ново кривично дело односно инкриминирање на „Злоупотреба на туѓа снимка, фотографија, аудио записи или списи со сексуално-експлицитна содржина". Со тоа, предложеното кривично дело во законското битие како објект на заштита ја има приватноста, а елементот на дејствие на извршување претставува сторителот на трето лице да му направи достапна видео или друга снимка, фотографија, аудио запис или спис со сексуално-експлицитна содржина, без согласност на лицето на кое тој спис се однесува, односно без согласност на лицето кое е прикажано на снимката, фотографијата или чиј глас е снимен на аудио записот.

Со Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик е опфатена и одредбата за проширената конфискација т.е. членот 98-а, во насока на проширување на опфатот на кривични дела за кои би можела таа да се примени.

Со предложените одредби содржани во Предлог законот се врши и доусогласување со Истанбулската конвенција, преку редефинирање на кривичното дело „Телесна повреда" од член 130 на Кривичниот законик со отстранување на гонењето по предлог во случаи кога делото е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, со што овој облик на делото ќе се гони по службена должност согласно одредбите од Истанбулската конвенција.

Поради лоцираните слабости во практиката, а со цел нивно надминување се предлага и вградување на два нови облика кај кривичното дело „Трговија со дете", заради надминување на состојбите со питачењето.

Покрај овие предлог измени и дополнувања, Предлог Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик содржи и измени кои се итни, а имаат карактер на техничко појаснување и подобрување на одредени одредби и тоа кај, куќниот затвор, условната осуда со заштитен надзор и проширената конфискација.

Од наведеното, јасно произлегува дека Предлогот на Законот и во него содржаните законски решенија се неопходни како правни механизми за да се отстранат идни евентуални штетните последици од донесените законски измени на Кривичниот законик во септември 2023 година, а воедно и заради исполнување на европските и меѓународните стандарди воопшто.

Покрај ова, Предлогот на законот содржи и одредби за хармонизирање на кривичните дела против безбедноста во сообраќајот и одземањето на предмети со пакетот предлог закони поврзани со проектот „Safe city".

На крајот, со овој предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот Законик се усогласува со Решението на Уставниот суд од 12 февруари 2025 година објавено во Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/25.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на донесувањето на овој закон е усогласување на Кривичниот законик е отстранување на слабостите во постојните одредби и постапување согласно Решение на Уставен суд од 12 февруари 2025 година објавено во Службен весник на Република Северна Македонија“ број 58/25.

Предлогот на закон се заснова врз истите начела врз кои се заснова Кривичниот законик.

III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Законот нема фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија. Дополнително се очекува зголемен прилив на средства во Буџетот, со примена на кривично-правниот институтот проширена конфискација.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот нема да предизвика материјални обврски за други субјекти.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 36/23 и 188/23) во член 38-в во ставот (1) зборовите „определен вид или“ се бришат, а пред зборот „категорија“ се додава зборот „определена “.

Ставот (2) се менува и гласи:

„(2) При изрекувањето на казната од ставот 1 од овој член, судот може да изрече и престанок на важење на возачката дозвола од определена категорија и да определи временски период во траење од една до десет години за кој сторителот нема право да се стекне со возачка дозвола од истата категорија.“

Во ставот (4), во првата реченица, зборовите „три месеца“ се заменуваат со зборовите „шест месеци“, зборот „пет“ се заменува со „десет“ и во втората реченица, зборовите „ниту подолго од десет години“ се заменуваат со зборот „година“.

Член 2

Во член 56 во ставот (3) по зборовите: „со друга“ се додаваат зборовите: „да му предложи една или повеќе нови или дополнителни обврски од ставот (1) на овој член,“.

Член 3

Во член 59-а во ставот (2) зборот „Судот“ се заменува со зборовите: „Под условите од ставот (1) на овој член, судот“.

Член 4

Членот 98-а се менува и гласи:

„(1) Од сторителот на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка казна, како и на кривично дело против половата слобода и половиот морал, на кривично дело против здравјето на луѓето, на кривично дело против имотот, на кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството, на кривично дело против службената должност, на кривично дело против човечноста и меѓународното право или на кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение, кога таквото дело можело да доведе непосредно или посредно до имотна корист, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период не подолг од пет години пред сторувањето на делото за кое е осуден со правосилна судска пресуда, кога врз основа на сите околности, факти и докази, судот е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот.

(2) Кога од фактички или правни пречки не е можно водење на кривична постапка спрема сторителот на кривичното дело од ставот (1) на овој член, судот ќе донесе одлука за проширена конфискација во постапка определена со закон.

(3) Ако поради фактички или правни пречки не може да се спроведе проширена конфискација спрема сторителот на кривичното дело, а се исполнети условите од ставот (1) на овој член, нелегално стекнатиот имот се конфискува и од трети лица или членови на неговото семејство на кои е пренесен или за кои е остварен, доколку имотот постои.

(4) Имотот од ставот (1) на овој член се конфискува во постапка на конфискација и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност."

Член 5

Во член 130 во ставот (5) по зборот „тужба" запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 6

По членот 152 се додава нов наслов и нов член 152-а, кои гласат:

„Злоупотреба на туѓа снимка, фотографија,
аудио запис или спис со сексуално-експлицитна содржина

Член 152-а

(1) Тој што на трето лице ќе му направи достапна видео или друга снимка, фотографија, аудио запис или спис со сексуално-експлицитна содржина, без согласност на лицето на кое тој спис се однесува, односно без согласност на лицето кое е прикажано на снимката или фотографијата или чиј глас е снимен на аудио записот, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што со употреба на компјутерски систем или на друг начин ќе изработи нова или ќе промени постоечка видео или друга снимка, фотографија, аудио запис или спис со сексуално-експлицитна содржина која се однесува на некое лице и ќе ја употреби таквата снимка, фотографија, аудио запис или спис или ќе ги направи достапни на трето лице.

(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што се заканува на друг дека ќе ја направи достапна за трето лице негова видео или друга снимка, фотографија, аудио запис или спис со сексуално експлицитна содржина.

(4) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член ќе го изврши на начин поради што видеото или другата снимка, фотографијата, аудио записот или списот со сексуално експлицитна содржина станале достапни на повеќе лица, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(5) Ако делото од ставовите од (1) до (4) на овој член е сторено спрема дете, извршителот ќе се казни со затвор од три до десет години.

(6) Ако делото од ставовите од (1) до (5) на овој член го стори службено лице во вршење на службата, за делото од ставовите (1), (2) и (3) од овој член ќе се казни со казна затвор од една до десет

години, за делото од ставот (4) на овој член со казна затвор од три до десет години, а за делото од ставот (5) на овој член, со казна затвор од најмалку четири години.

(7) Видеата или другите снимки, фотографиите, аудио записите и списите, како и посебните уреди со кои е извршено кривичното дело се одземаат.

Член 7

Во член 297 во ставот (1) зборовите „парична казна или со затвор до три години“ се заменуваат со зборовите „затвор од 3 месеци до 3 години и со парична казна“.

Во ставот (2) по зборот „години“ се додаваат зборовите „и со парична казна“.

Член 8

Членот 297-а се менува и гласи:

„(1) Учесник во јавниот сообраќај кој не се придржува на прописите за безбедност во сообраќајот и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај безобѕирно управувајќи со моторно возило со концентрација на алкохол во крвта над 1,5 г/кг во крвта, со употреба на дроги, психотропни супстанции или прекурсори, возејќи во спротивна насока на јавен пат на кој коловозните ленти се физички одвоени една од друга или на автопат, претекнувајќи колона возила на непрегледно место или возејќи со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 50 км на час во населено место или за најмалку 70 км на час надвор од населено место, ќе се казни со затвор од 3 месеци до 3 години и со парична казна.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член, ќе се казни и тој што организира, учествува или на друг начин овозможува недозволени трки со возила, како и учесник во јавниот сообраќај кој управува моторно возило без положен возачки испит, без важечка возачка дозвола, или доколку му е изречена санкција забрана на управување со моторно возило која е сè уште важечка во моментот на сторување на делото или санкција престанок на важење на возачката дозвола, при што нема нова важечка дозвола.“

Член 9

Во член 300 во ставот (1) по зборовите „од една до десет години“ се додаваат зборовите „и со парична казна“.

Во ставот (2) по зборовите „најмалку четири години“ се додаваат зборовите „и со парична казна“.

Член 10

По членот 300 се додаваат два нови наслови и два нови членови 300-а и 300-б кои гласат:

„Задолжително изрекување на казната забрана на управување со моторно возило

Член 300-а

„Под условите определени со членот 38-в од овој законик, за кривичните дела од членовите 297 ставовите (1) и (2), 297-а и 300 ставовите (1) и (2), судот на сторителот ќе му изрече забрана на управување со моторно возило во траење од шест месеци до десет години.

Одземање на моторно возило со кое е сторено кривично дело

Член 300-б

(1) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот ќе се одземе возилото со кое е сторено делото од членот 297 став (1), членот 297-а ставовите (1) и (2) или од членот 300, кое е во сопственост на сторителот, доколку тој во моментот на сторување на делото немал право да управува со моторно возило.

(2) Доколку возилото од ставот (1) на овој член е во сопственост на трето лице, ќе се одземе само доколку тоа лице знаело или било должно да знае дека сторителот немал право да управува со моторно возило.

(3) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот може да се одземе возилото со кое е сторено делото од член 297 ставот (1), член 297-а ставовите (1) и (2) или од членот 300 доколку возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место, кое е во сопственост на сторителот.

(4) Под условите определени со членот 100-а од овој законик, од сторителот ќе се одземе возилото со кое е сторено делото од член 297 ставот (1), член 297-а ставовите (1) и (2) или од членот 300, доколку возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место кое е во сопственост на сторителот, под услов тој и претходно да е осудуван за кривично дело против безбедноста на јавниот сообраќај кое го сторил со надминување на дозволената брзина најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место.

Член 11

Членот 353 се менува и гласи:

„(1) Службено лице кое со искористување на својата службена положба или овластување, со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност ќе прибави за себе или за друг некаква имотна корист или на друг ќе предизвика штета или потешко ќе ги повреди правата на друг, ако не се исполнети законските обележја на друго потешко кривично дело, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член прибави поголема имотна корист или нанесе поголема штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Северна Македонија или лице што врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на законско овластување или должност.

(5) Службено лице или одговорно лице кое спротивно на закон, набави стоки, услуги или работи без да спроведе постапка за јавна набавка во случаите кога било должно да ја спроведе или направи измени на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба за време на нивната важност спротивно на закон над законски утврдениот вредносен праг, ќе се казни со затвор од една до осум години, а доколку со делото од овој став е прибавена имотна корист од големи размери или е

причинета имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од четири до десет години.“

Член 12

Членот 353-в се менува и гласи:

„(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое со повреда на законските одредби за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор, стекне за себе или за друг некаква имотна корист или на друг ќе му предизвика штета, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член стекне поголема имотна корист или предизвика поголема имотна штета или потешко ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член стекне значителна имотна корист или предизвика значителна штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(4) Со казната од ставовите (1), (2) и (3) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Северна Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.

(6) Тој што делото од ставот (1) на овој член ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со казна затвор до една година.“

Член 13

Членот 394 се менува и гласи:

„(1)Тој што ќе создаде група или банда што има за цел вршење на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со затвор од една до осум години.

(2) Припадникот на групата или бандата, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Ако групата или бандата има за цел вршење кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од најмалку осум години или потешка казна, организаторот ќе се казни со казна затвор најмалку четири години, а припадникот на групата или бандата ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(4) Припадникот на групата или бандата кој ќе ја открие групата, односно бандата, пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

(5) Предметите и средствата што групата или бандата ги користи за подготвување на делата, како и средствата за нивното финансирање се одземаат.“

Член 14

Во член 418-г по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и родител, посвоител, старател или друго лице кое има должност за грижа и воспитување на дете, кој од користољубие го пренесува или го овозможува надзорот над детето на трето лице заради питачење.

(4) Ако поради делото од ставот (3) на овој член настапила тешка телесна повреда или тешко нарушување на здравјето на дете или дете се оддало на питање, проституција или други облици на асоцијално однесување, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку десет години.“

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Во ставот (6), кој станува став (8), зборовите: „ставовите (1), (2), (3) и (4)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2), (5) и (6).

Ставовите (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (9), (10), (11) и (12).

Член 15

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 1, 7, 8, 9 и 10 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од 1 февруари 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик содржи 15 члена.

Со членот 1 се предлага измена на ставот 2 во постојниот член 38-в. Во постојниот став 2 се користи термин „одземање на возачка дозвола“ и се пропишува можност судот да забрани издавање возачка дозвола на сторителот само за време на траење на забраната. Со предложената измена пред се се употребува соодветна терминологија во предметната област - „престанок на важење на возачката дозвола од определена категорија“ и се пропишува дека судот има можност да определи временски период во траење од една до десет години во кој сторителот нема право да се стекне со возачката дозвола од истата категорија. Оваа предложена одредба се усогласува со новопредложениот член 300-а во член 10 од овој Предлог на закон.

Во членовите 2 и 3 се врши номотехничко подобрување и појаснување на одредбите кои се однесуваат на куќниот затвор и условната осуда со заштитен надзор.

Со членот 4 од Предлогот на закон се менува членот 98-а кој се однесува на кривично-правниот институт проширена конфискација. Измената е во насока на проширување на опсегот кривични дела за кои може да се примени проширената конфискација, на начин што спротивно на досегашната рестриктивна одредба, е предложено проширената конфискација да се применува за кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение, како независно дело.

Во членот 5 се предлага редефинирање на кривичното дело „Телесна повреда“ со отстранување на гонењето по предлог во случаи кога делото е сторено при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, со што овој облик на делото ќе се гони по службена должност, согласно одредбите од Истанбулската конвенција.

Со членот 6 се пропишува ново кривично дело „Злоупотреба на туѓа снимка, фотографија, аудио записи или списи со сексуално-експлицитна содржина“ и се врши инкриминирање на дејствија на извршување што подразбираат сторител на трето лице да му направи достапна видео или друга снимка, фотографија, аудио запис или спис со сексуално-експлицитна содржина, без согласност на лицето на кое тој спис се однесува, односно без согласност на лицето кое е прикажано на снимката или фотографијата или чиј глас е снимен на аудио записот.

Со членот 7 се предлага измена на член 297 ставови (1) и (2) во делот на санкцијата, имајќи ги предвид предизвиците со кои се соочуваме последните години во делот на сторени кривични дела во областа на сообраќајот.

Со членот 8 се врши менување на членот 297-а „Безобѕирно управување со моторно возило“. Со постојната законска одредба, дејствија на предметното кривично дело се: надминување на утврдена граница на алкохол во крвта, присуство на дроги, психотропни супстанци или прекурзори, возење во забранет правец, претекнување колона возило на непрегледно место и возење со пречекорување на определена брзина во населено место и надвор од населено место. Се предлага редефинирање на оваа одредба на начин што се врши интервенција во делот на употребената терминологија во постојниот член, се менува казнената политика и се додава нов став со кој се санкционира организирањето, учествувањето или на друг начин овозможувањето недозволени трки со возила, управувањето моторно возило без положен возачки испит, без возачка дозвола или додека е во сила изречената санкција за забрана на управување со моторно возило или санкцијата престанок на важење на возачката дозвола. Овој предлог е последица на анализите во државата за сторени кривични дела во областа на сообраќајот на патиштата со сериозни последици во последните години, што е неспорен аларм за преземање соодветни мерки за надминување на овие состојби.

Истовремено, се врши јасно разграничување помеѓу одредени сообраќајни прекршоци наспроти облиците на ова кривично дело.

Со членот 9 се врши интервенција во членот 300 во делот на пропишаните санкции, во насока на нивно усогласување со веќе предложените измени во однос на кривичните дела против безбедноста на јавниот сообраќај.

Со членот 10 се предлага додавање на два нови членови 300-а и 300-б. Со членот 300-а се утврдува задолжително изрекување на казната забрана на управување со моторно возило. Имено, од аспект на казнивите дела во областа на сообраќајот на патиштата, за низа прекршоци утврдена е задолжителна забрана за управување со моторно возило, а во однос на кривичните дела, оваа казна е дадена само како можност за судовите, што само по себе говори за своевиден апсурд – за полесни казниви дела – прекршоци – забраната за управување со моторно возило е облигација, а за кривичните дела е само факултативна основа за изрекување. Со предложената измена се утврдува надминување на наведената состојба на начин што се пропишува облигаторно изрекување на овој вид казна за кривичните дела од членовите 297 ставови 1 и 2 („загрозување на безбедноста на сообраќајот" , 297-2 („безобѕирното управување со моторно возило") и член 300 ставови 1 и 2 („тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот"), односно за мислените облици на овие дела.

Со новопредложениот член 300-б се регулира прашањето за одземање на моторно возило со кое е сторено кривично дело. Со предметната законска одредба се пропишува во некои случаи можност за одземање на моторно возило, но и под строго утврдени услови и облигаторно одземање на возилото. Имено, можност за одземање на возилото од сторителот, под условите утврдени во членот 100-а од Кривичниот законик е пропишана за случаите кога е сторено делото од членот 297 став 1 („загрозување на безбедноста на сообраќајот"), член 297-а ставови 1 и 2 („безобѕирното управување со моторно возило") и од членот 300 („тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот"), доколку сторителот возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место.

Облигаторно одземање на возилото под условите од членот 100-а од Кривичниот законик за веќе наведените кривични дела (член 297 став 1, член 297-а ставови 1 и 2 и член 300) е утврдено ако возилото е сопственост на сторителот и само доколку тој во моментот на сторување на делото немал право да управува со моторното возило. Ако возилото е во сопственост на трето лице ќе се одземе доколку тоа лице знаело или било должно да знае дека сторителот немал право да управува со моторно возило. Задолжително одземање на возилото е пропишано и доколку сторителот возел со брзина која ја надминува дозволената брзина за најмалку 70 км на час во населено место или за најмалку 90 км на час надвор од населено место, ако возилото е во негова сопственост, под услов тој и претходно да е осудуван за кривично дело против безбедноста ја јавниот сообраќај кое го сторил со надминување на наведените дозволени брзини во населено и надвор од населено место. За предложената одредба користени се и компаративни искуства од Словенија и Австрија.

Со членот 11 од Предлогот се додава искористувањето на својата службена положба или овластување како дејствие на извршување на кривичното дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" член 353, воедно се заострува казнената политика за кривичното дело и се додава нов став 5 кој ги инкриминира злоупотребите при јавните набавки.

Во членот 12 се менува членот 353 – в „Несовесно работење во службата" и во законското битие на кривичното дело се додава елементот на користољубие, односно се инкорпорира последица на кривичното дело како услов на инкриминација сторителот да стекне за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му предизвика штета. Понатаму, се квантифицираат квалифицираните облици на ова кривично дело.

Со членот 13 се заострува казнената политика во членот 394 кај кривичното дело „Злосторничко здружување“ член 394.

Во членот 14 од Предлогот на Законот се предлага вградување на два нови облика кај кривичното дело „Трговија со дете“ член 418-г, заради надминување на состојбите на питачењето.

Со членот 15 се уредува влегувањето во сила на овој закон и одложената примена на одредени членови, заради нивно усогласување со други закони.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во овој закон се поврзани со Законот за кривичната постапка, Закон за безбедност на јавниот сообраќај, Закон за прекршоците и Законот за помилување.

## III. ПОСЛЕДИЦИ КОИ ЌЕ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на овој закон се отстрануваат идни евентуални штетните последици од донесените законски измени на Кривичниот законик во септември 2023 година, и воедно се подобруваат постојните одредби од Кривичниот законик преку отстранување на утврдените недостатоци, слабости и правни празнини, со што се врши усогласување со европските и меѓународни стандарди кои се однесуваат на борбата против организираниот криминал и корупција.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК
КОИ СЕ МЕНУВААТ, ОДНОСНО ДОПОЛНУВААТ

Забрана на управување со моторно возило
Член 38-в

(1) На сторителот на кривичното дело со кое се загрозува јавниот сообраќај судот може да му изрече забрана на управување со моторно возило од определен вид или категорија, ако најде дека околностите под кои е сторено делото или поранешното кршење на сообраќајните прописи покажуваат дека сторителот може повторно да изврши такво дело.
(2) При изрекувањето на казната од ставот 1, судот може да одреди да се одземе возачката дозвола или да се забрани издавање на возачка дозвола на сторителот за време на траењето на забраната.
(3) Судот ќе ја изрече казната од ставот 1, ако делото е сторено во состојба на пијанство.
(4) Судот го определува траењето на забраната, кое не може да биде пократко од три месеца ниту подолго од пет години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката, со тоа што времето поминато во затвор не се засметува во нејзиното траење. Кога сторителот по занимање е возач на моторно возило, траењето на забраната не може да биде пократко од една ниту подолго од десет години.
(5) Ако казната од ставот 1 му е изречена на лице кое има странска дозвола за управување на моторно возило, таа опфаќа забрана за нејзино користење на територијата на Република Македонија.
(6) При изрекувањето условна осуда, судот може да определи дека таа ќе се отповика ако сторителот ја прекрши забраната на управување со моторно возило.
(7) При изрекувањето на казната забрана на управување со моторно возило како единствена казна, судот истовремено ќе утврди парична казна или казна затвор што ќе се изврши ако сторителот ја прекрши забраната.

Обврски кај заштитниот надзор
Член 56

(1) При изрекувањето на заштитниот надзор судот може на осудениот да му одреди една или повеќе од следниве обврски:
1) оспособување, остручување и преквалификување за да може осудениот да го задржи работното место што го зазема или да бидат создадени претпоставки за вработување,
2) прифаќање на вработување што одговара на способностите и склоноста на осудениот,
3) посетување на програма за работа со осуденици за кривични дела сторени при вршење на семејно насилство;
4) извршување на обврските за издржување на семејството, подигање на децата и други семејни обврски,
5) овозможување увид и совети во врска со распоредувањето и трошењето на средствата од платата и другите приходи што ги остварува,
6) непосетување определени видови локали или други места каде што се точи алкохолен пијалак или се игра на среќа,
7) забрана на употреба на алкохолни пијалаци, дроги и други психотропни супстанции,
8) користење на слободното време според оцена на надлежниот орган согласно закон,
9) одбегнување и недружење со лица кои негативно влијаат врз осудениот и
10) подложување на лекување или социјална рехабилитација во соодветни специјализирани установи.
(2) При изборот на видот на обврската судот ќе ја земе предвид, пред се, личноста на сторителот, неговата здравствена состојба и психичките својства, возраста, материјалните и семејните услови, околностите под кои го сторил делото, поведението на сторителот по извршувањето на делото, побудите за извршување на делото и другите околности сврзани со личноста на сторителот што се од

значење при изборот на видот на обврската, водејќи сметка да не се повредува човечкото достоинство ниту да се предизвикуваат непотребни тешкотии во неговото превоспитување.
(3) За времето додека трае условната осуда со заштитниот надзор судот може по предлог на надлежен орган согласно со закон, да ја замени определената обврска со друга, да го продолжи траењето на заштитниот надзор во рамките на времето за проверување или да го запре натамошното извршување на заштитниот надзор.

Услови за изрекување на куќен затвор
Член 59-а

(1) Ако сторителот на кривичното дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор до пет години е стар и изнемоштен, тешко болен или е бремена жена, ако судот му изрече казна затвор до три години, истовремено може да одлучи со негова согласност казната да ја издржува во куќен затвор.
(2) Судот може да ја замени казната затвор со куќен затвор ако постојат услови со современи електронски или телекомуникациски средства да се контролира извршувањето на куќниот затвор што се состои во забрана за напуштање на домот од страна на осудениот.
(3) Надзор над извршувањето на куќниот затвор врши судот и надлежен орган согласно закон, кој може да одреди преземање на определени мерки на надзор и од полицијата во местото во кое се наоѓа домот на осудениот со обврска за редовно известување за нивното вршење.
(4) Ако осудениот ја прекрши забраната за напуштање на домот, по предлог на надлежен орган согласно закон, судот може да одреди заменетата казна затвор да се изврши во целост во установа за извршување на казната затвор.

Проширена конфискација
Член 98-а

(1) Од сторителот на кривично дело извршено во состав на злосторничко здружение, со кое е извршено кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од четири години или потешка казна или за кривични дела против човечноста и меѓународното право, кривични дела против половата слобода и половиот морал, кривични дела против имотот или кривични дела против службената должност од овој законик, ќе се конфискува имотот стекнат во временски период не подолг од пет години пред сторувањето на делото за кое е осуден со правосилна судска пресуда, кога врз основа на сите околности, факти и докази, судот основано е уверен дека имотот ги надминува законските приходи на сторителот и потекнува од такво дело.

(2) Под условите од ставот (1) на овој член проширена конфискација спрема сторителот на делото се спроведува и кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривичната постапка, во постапка уредена со закон.

(3) Ако поради фактички или правни пречки не може да се спроведе проширена конфискација спрема сторителот на кривичното дело, а се исполнети условите од ставот (1) на овој член, нелегално стекнатиот имот се конфискува и од трети лица или членови на неговото семејство на кои е пренесен или за кои е остварен, доколку имотот постои.

(4) Имотот од ставот (1) на овој член се конфискува во постапка на конфискација и од членови на семејството на сторителот на кои е пренесен кога е очигледно дека не дале противнадоместок што одговара на неговата вредност или од трети лица ако не докажат дека за предметот или имотот дале противнадоместок што одговара на нивната вредност.

Телесна повреда

Член 130

(1) Тој што друг телесно ќе го повреди или ќе му го наруши здравјето, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Тој што ќе го стори делото од ставот (1) на овој член при вршење родово-базирано насилство, насилство врз жена или семејно насилство или од омраза или спрема лице кое е посебно ранливо поради неговата возраст, тешките телесни или душевни пречки или бременост, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Со казната од ставот (2) на овој член ќе се казни тој што делото ќе го стори од омраза.

(4) Судот може на сторителот на делото од став 1 да му изрече судска опомена ако бил предизвикан со особено навредливо или грубо однесување на оштетениот.

(5) Гонењето за делото од став 1 се презема по приватна тужба, а за ставот 2 по предлог.

Загрозување на безбедноста на сообраќајот

Член 297

(1) Учесник во сообраќај на јавните патишта кој не се придржува кон прописите и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај така што ќе ги доведе во опасност животот или телото на луѓето или имот од значителен обем, па поради тоа некое лице телесно ќе биде повредено или ќе настапи значителна имотна штета, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

(2) Тој што не се придржува кон прописите за безбедноста на автобуски, железнички, воздушен и бродски сообраќај, сообраќај на жичари или сообраќај со други средства за масовен јавен превоз и со тоа ќе предизвика опасност за животот или телото на луѓето или за имотот од значителен обем, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Тој што делото од ставовите 1 и 2 ќе го стори од небрежност, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Безобѕирно управување со моторно возило

Член 297-а

Учесник во јавниот собраќај кој не се придржува на прописите за безбедност во сообраќајот и со тоа ќе го загрози јавниот сообраќај безобѕирно управувајќи во состојба на неспособност на возење предизвикана со употреба на алкохол во концентрација од најмалку 1,50 г/кг во крвта, дроги, психотропни супстанции или прекурзори, возејќи во забранет правец, претекнувајќи колона возила на непрегледно место или возејќи со брзина која надминува 50 км на час во населено место или 70 км на час надвор од населено место над дозволената, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години.

Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот

Член 300

(1) Ако поради делото од членовите 297 ставови 1 и 2, 298 став 1 и 299 ставови 1 и 2 или некое лице е тешко телесно повредено или настапи имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од една до десет години.

(2) Ако поради делото од членовите 297 ставови 1 и 2, 298 став 1 и 299 ставови 1 и 2 настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(3) Ако поради делото од членовите 297 став 3, 298 став 2 и 299 став 3 настапи тешка телесна повреда на некое лице или имотна штета од големи размери, сторителот ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(4) Ако поради делото од членовите 297 став 3, 298 став 2 и 299 став 3 настапи смрт на едно или повеќе лица, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

Злоупотреба на службената положба и овластување

Член 353

(1) Службено лице кое ќе преземе службено дејствие со кое ќе ги пречекори границите на своите службени овластувања или нема да ја извршува својата службена должност со намера да прибави за себе или за друг некаква имотна корист или на друг да му нанесе штета, или потешко да ги повреди правата на друг, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години.

(2) Ако искористувањето на службената положба или овластување, пречекорувањето на границите на службеното овластување, има влијание на незаконско зголемување на имотот на службено лице како резултат на сторување на делото од ставот (1) на овој член, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години.

(3) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член со намера прибави за себе или за друг поголема имотна корист или нанесе поголема имотна штета, ќе се казни со затвор од една до четири години.

(4) Ако сторителот на делото од ставот (1) на овој член со намера прибави за себе или за друг значителна имотна корист или нанесе значителна имотна штета, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(5) Со казната од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице на странско правно лице што има претставништво или врши дејност во Република Северна Македонија или лице што врши работи од јавен интерес ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност.

(6) Прибавената имотна корист се одзема.

Несовесно работење во службата

Член 353-в

(1) Службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое со повреда на законските прописи за судир на интересите или за совесно постапување при вршењето на

дискреционо овластување, со пропуштање на должен надзор или на друг начин очигледно несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од три месеци до три години.

(2) Ако сторителот на делото од став 1 прибави значителна имотна корист или нанесе значителна штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.

(3) Со казната од ставовите 1, 2 и 3 ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.

(4) Службено лице или одговорно лице во орган на државна управа или друго правно лице кое со повреда на законските прописи за спроведување на управна постапка, со пропуштање на должен надзор или на друг начин несовесно постапува во вршењето на своите овластувања и должности и со тоа ќе прибави за себе или за друг некаква корист или на друг ќе му нанесе штета, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години и со парична казна.

(5) Тој што делото од ставот (5) ќе го стори од небрежност, ќе се казни со затвор од шест месеци до две години и со парична казна.

Злосторничко здружување

Член 394

(1) Тој што ќе создаде група или банда што има за цел вршење на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, ќе се казни со затвор од една до три години.

(2) Припадникот на групата или бандата, ќе се казни со затвор до две години.

(3) Ако групата или бандата има за цел вршење кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од најмалку осум години, организаторот, ќе се казни со казна затвор најмалку четири години, а припадникот на групата или бандата ќе се казни со казна затвор од една до пет години.

(4) Припадникот на групата или бандата кој ќе ја открие групата, односно бандата, пред да стори некое кривично дело во нејзин состав или за неа, ќе се ослободи од казна.

(5) Предметите и средствата што групата или бандата ги користи за подготвување на делата, како и средствата за нивното финансирање се одземаат.

Трговија со дете

Член 418-г

(1) Тој што ќе подведе дете на вршење полови дејствија или ќе овозможи вршење полови дејствија со дете или врбува, превезува, пренесува, купува, продава или нуди за продавање, прибавува, обезбедува, засолнува или прифаќа дете заради експлоатација по пат на негово користење во сексуални активности за паричен или друг надоместок или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, питачење или експлоатација заради со закон забранета активност, ропство, присилни бракови, присилна фертилизација, незаконито посвојување

или изнудување согласност како посредник да се посвои дете, недопуштено пресадување на делови од човеково тело, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори со сила, сериозна закана, со доведување во заблуда или друга форма на присилба, грабнување, измама, со злоупотреба на својата положба или состојба на бременост, немоќ или физичка или ментална неспособност на друг, или со давање или примање пари или друга корист заради добивање согласност на лице кое има контрола на друго лице, или делото е сторено спрема дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(3) Тој што користи или овозможува на друг користење на сексуални услуги или друг вид експлоатација од дете за кое знаел или бил должен да знае дека е жртва на трговија со луѓе, ќе се казни со затвор најмалку осум години.

(4) Корисникот на сексуални услуги од дете кое не наполнило 14 години, ќе се казни со затвор најмалку 12 години.

(5) Тој што ќе одземе или уништи лична карта, пасош или друга туѓа идентификациона исправа заради вршење на делото од ставовите 1 и 2, ќе се казни со затвор најмалку четири години.

(6) Ако делото од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член го стори службено лице во вршењето на службата, ќе се казни со затвор најмалку десет години.

(7) Согласноста на детето со дејствијата предвидени во став 1, не е од значење за постоењето на кривичното дело од став 1.

(8) Нема да се казни дете – жртва на трговија со луѓе во случаите во кои законот предвидува казнување на дете, кога сторителот на кривичното дело го принудил да стори кривично дело, ако таквото неговото постапување е непосредна последица на неговата положба на жртва.

(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.

(10) Недвижностите искористени и предметите и превозните средства употребени за извршување на делото се одземаат.